**Традиционално**, и оваа година *како и многуте години до сега* со **Нехар Травел,** скијајте во најдобро друштво и со искусни водичи во најголемиот ски центар во светот “Три Долини”. Алпски рај и еден од најелитните ски центри во југоисточна Франција, со повеќе од 600 километри обработен терен за скијање/бордање. Љубителите на скијањето имаат на располагање 430 стази со 1300 топови. 25те планински врвови се поврзани со 200 ски лифтови, со надморска височина од 1.300 до 3.250 метри. Цетарот има капацитет од превезување на 300.000 луѓе на час, помеѓу сите осум населби и 13 ски – центри. Тука се и 6-те глечери со надморска височина од над 3.000 метри, а на нив скијачка сезона трае во текот на целата година. Сместувањето е во **Val Thorens**. Место со одлична **Apres-ski** забава.

| Термин: | VAL THORENS – LES 3 VALLES | од 669 € |
|---|---|---|
| 17. 01.2025 | Ski F R A N C E 2025 | |

| VAL THORENS 17.01.2025 | Број на кревети | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тип на сместување | 6 | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 |
| HAUTS DE CHAVIERE, 26, СТУДИО мах. 2 лица | | | | | 829 | 1079 |
| HAUTS DE CHAVIERE, 34, АПАРТМАН 2П, мах. 6 лица | 699 | 739 | 799 | | | |
| SERAC, 2, СТУДИО мах.3 лица | | | | 709 | 799 | 1069 |
| SERAC, 8, СТУДИО мах.3 лица | | | | 729 | 829 | 1175 |
| SERAC, 6, СТУДИО мах.3 лица | | | | 709 | 799 | 1069 |
| TEMPLES DU SOLIEL CUZCO, 408, СТУДИО 2П, мах.4 | | | 689 | 749 | 889 | |
| TEMPLES DU SOLIEL, 3E, АПАРТМАН 3П, мах. 6 лица | 739 | 789 | 859 | | | |
| TEMPLES DU SOLIEL CUZCO, 20F, СТУДИО кабин, мах.4 | | | 719 | 799 | 959 | |
| TEMPLES DU SOLIEL MACHU,208, АПАРТМАН 2П, мах.4 | | | 689 | 749 | 889 | |
| TEMPLES DU SOLIEL MACHU,302, АПАРТМАН 2П, мах.4 | | | 689 | 749 | 889 | |
| TEMPLES DU SOLIEL MACHU,505, АПАРТМАН 2П, мах.4 | | | 689 | 749 | 889 | |
| TEMPLES DU SOLIEL MACHU,703, АПАРТМАН 2П, мах.4 | | | 689 | 749 | 889 | |
| REINE BLANCHE, 61, СТУДИО Кабин, мах.4 | | | 679 | 739 | 869 | |
| REINE BLANCHE, 77, СТУДИО 2П, мах.4 | | | 679 | 739 | 869 | |
| REINE BLANCHE, 108, СТУДИО 2П, мах.4 | | | 699 | 768 | 909 | |
| REINE BLANCHE, 65, СТУДИО 2П, мах.4 | | | 679 | 739 | 869 | |
| ETERLOUS, 27, СТУДИО Кабине, мах 4 лица | | | 669 | 729 | 849 | |
| ROC DE PECLET, 12, СТУДИО 2Р, мах.4 лица | | | 769 | 859 | 1049 | |
| ROC DE PECLET, 3, АПАРТМАН 2П, мах. 6 лица | 719 | 769 | 839 | | | |
| CIMES DE CARON, 1106, СТУДИО Кабин, мах.4 лица | | | 669 | 729 | 849 | |
| CIMES DE CARON, 2100, СТУДИО Кабин, мах.4 лица | | | 669 | 729 | 849 | |
| ZENITH, 72, АПАРТМАН 2П, мах. 6 лица | 749 | 809 | 889 | | | |
| ESKIVAL, 216, АПАРТМАН 2П, мах. 4 лица | | | 699 | 769 | 909 | |
| ARCELLE, 606, АПАРТМАН 2П, мах. 4 лица | | | 689 | 759 | 689 | |
| ДОПЛАТА ЗА 3 ДОЛИНИ "SKI PASS": 45 евра, резервација и уплата во агенција | | | | | | |

***Цените се дадени за пакет аранжман во евра по лице. Плаќање исклучиво во денари според курсот 1€=62 мкд**

**Програма:**

**1.ден-петок. Скопје - Val Thorens** Состанок на групата на паркингот кај спортската сала "Борис Трајковски" во 06:30 часот. Поаѓање за Val Thorens во 07:30 часот. Се патува преку граничниот премин Табановце. Патување преку Србија, Хрватска, Словенија, Италија, со попатни паузи и гранични формалности. Ноќно возење.

**2 ден-сабота. Val Thorens**: Пристигнување во пладневни/попладневните часови и сместување во апартманите помеѓу 15.00-20.00 ч. Слободно попладне за запознавање со местото. Ноќевање.

**3–8 ден. Val Thorens**: Шест дневно скијање во Val Thorens/Orelle или "Les 3 Vallees". Ноќевање

**9. ден-сабота. Val Thorens - Скопје:** Напуштање на собите до 09:30. Клучевите се предаваат на водичот. Поаѓање за Скопје со попатна посета (2 часа) на еден од најголемите шопинг outlet центри во Италија – VICOLUNGO, непосредно пред Милано. (Нема можност за заверување на Tax free на Хрватска граница поради долгата процедура која може да трае повеќе од 2 ч.)

**10 ден – недела. Скопје:** Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

**Во цената на пакет аранжманот е вклучено:**

- Превоз со високотуристички автобус со LCD TV, DVD на релација Скопје–Val Thorens–Скопје
- 7 дневно сместување во одбрани студиа / апартмани според ценовникот, во Val Thorens
- 6 дневен скипас за стазите на Val Thorens/Orelle (150 км стази).
- Туристички пратител за време на турата
-

**Во цената на пакет аранжманот НЕ Е вклучено:**

- Доплата за "3 Долини ски пас" (600 км стази) изнесува **45 €** по лице. Задолжителна предрезервација при пријавувањето и плаќање во агенција.
- Постелнина и крпи.
- Завршно чистење на апартманите.
- Задолжително патничко осигурување со вклучен додаток од спортски ризик: 800 ден.
- Задолжителна Туристичка такса 15€ по лице за цело време на престој. Се плаќа во агенција, во денари.

*За ова патување важат Општите услови за патување на Нехар травел со Лиценца "А" бр.УЛ I 13-59, кои се составен дел на секој Договор за патување (освен отказните трошоции кои важат според наведеното за овој ски аранжман).*

## Важни завршни напомени

1. **Дадената цена е Пакет цена по лице во зависнот од бројот на лица и тип на сместување, за максимално даден број на лица во студио и апартман, за 7 ноќевања, 6 дневна стандардна ски карта и вклучен автобуски превоз.**
2. **РЕЗЕРВАЦИЈА:**

- **Резервација за аранжманот е со задолжителна уплата од 12.000 денари по лице, остатокот се доплаќа НАЈДОЦНА до 10.Декември 2024.** Можност да се плати на 6 рати без камата, информации во агенција.
- Со самата резервација и платен депозит, странките добиваат Договор за патување со сите податоци за патувањето,типот на сместување, разни доплати како и Општи услови за патување.
- Уплатата може да се плати во готово или со кредитна/дебитна картичка, или вирмански преку банка.
- Постои можност да се спојат индивидуалните патници во повеќекреветно студио/апартман, како не би плаќале поскапо. Агенцијата може да посредува, **но НЕ и да гарантира** при ваквите случаи.

**Затоа, *дефинитивниот тип на студио/апартман и дефинитивната цена ќе зависи од бројот на лицата кои остануваат и типот на студиото/апартманот кој е одбран.* Странките однапред се согласни за овие услови и наведени цени по лице, без право на откажување.**

3. Според Шенгенските правила, Македонски пасош мора да има важност од мин. 90 дена од денот на напуштање на Шенген зоната (датум на враќање во Скопје).
4. За реализација на патувањето потребно е минимум 40 патници.
5. Агенцијата не може да влијае на катност, поглед, локација или одреден објект. Тоа е во рамките на локалната агенција. Одредени желби на патниците, како за сместување во еден објект на повеќе студиа/апартмани, агенцијата ќе ги проследи до партнерската агенција, но не гаранти за исходот.

6. Агенцијата го задржува правото за промена на цената доколку дојде до зголемување на цените на услугите (гориво, сместување, ски пас... ) за кои агенцијата не може да влијае.

7. **FIRST MINUTE цена важи до објавениот датум во ценовникот.**
   После тој датум цената се зголемува за **50**€ по лице, без оглед на тип на сместување.
8. Патниците се должни 48 часа пред патување да го проверат часот и местото на поаѓање.
9. **Багаж**: Секој патник може да понесе 1 личен багаж (куфер или торба максимум 23 кг.), 1 пакет ски или борд опрема сместени во багажник на автобус и 1 мала кабинска торба/ранец за пат во автобус.
10. Распоредот на седишта во автобус е според датумот на уплата.

11. Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот во случај на недоволен број на лица, најдоцна 5 дена пред тргнување. Во таков случај, уплатените средства во целост се враќаат исклучиво на трансакциска сметка на лицето кое уплатило, според законот за платен промет.

**12. Лицето кое има резервација должно е да ја уплати целосната сума на аранжманот најдоцна до наведениот датум (10.12.2024) Доколку лицето не ја изврши уплатата до крајниот рок резервацијата ќе биде автоматски откажана а уплатените средства како аванс ќе бидат неповратни.**

**ОТКАЗНИ ТРОШОЦИ:**

13. Откажување од патувањето може да се направи исклучиво по писмен пат, доставен до Агенцијата, со образложение за отказот. Отказните трошкови се во согласност со Отказните трошкови на локалниот партнер, на кои Агенцијата не може да влијае.
   > Трошоци за откажување на патувањето кои се задржуваат:
   i. Од моментот на пријавување до 8 недели пред **поаѓање**: **20%** од цената
   ii. 8 – 6 недели пред **поаѓање**: **30%** од цената
   iii. 6 – 4 недели пред **поаѓање**: **50%** од цената
   iv. 4 недели и помалку пред **поаѓање**: **100%** од цената

14. **Постелнина и крпи:** Во цената не се вклучени крпите, постелнина, тоалет хартија, сапуни, шампон во студијата и апартманите, а истите може да се изнајмат на денот на пристигнување по цена од: 14€ - единечна постелнина или 16€ -брачна постелнина и 14€ за сет крпи (2 за купатило, 1 за под, 1 за кујна), по лице. Сет за чистење: 5€. Детско креветче 50€. Потребно е да се резервира и уплати за крпи и постелнина при резервација во агенција (подоцна неможе да гарантираме достапност). Од досегашното наше искуство, најповолно е секој да понесе свои.
15. **Депозит:** Депозит (гаранција) за секое студио е задолжителен и изнесува: **350€ по студио за 4 лица или 400 евра по апартман за 4 лица.** Се плаќа при пристигнување, непосредно пред сместувањето. Плаќањето е **исклучиво** со резервирање на средства во висина на депозитот од **кредитна картичка** (**VISA** или **MASTERCARD**). Депозитот на крајот од сместувањето се деблокира, доколку апартманот е вратен во првобитната состојба (чист, среден и без оштетени предмети), и гостите ќе го добијат блокираните средства наредните денови (најдоцна до 30 дена, во зависност од банката). Во случај на било какви оштетувања во студиото/апартманот при сместување, гостите се должни да доставaт писмена забелешка до локалната агенција во рок од 48 часови.
16. **Завршно чистење:** Чистењето на апартманите не е вклучено во цената на аранжманот, па патниците се задолжени за средување на апартманот и доведување на истиот во иста состојба како пред сместувањето. Можно е да се организира чистење но со пријава и плаќање при пријавување.
17. **Цена за чистење:** Студио за 4 лица:75€, Студио со кабина за 4 лица: 85€, Апартмани со 2 соби за 6 лица: 95€.
18. Сите дополнителни услуги мора да се резервираат при пријавување во агенција и истите се плаќаат на лице место при сместување.
19. **Цената на депозитот и дополнителните услуги може да биде променета.**
20. **Влез во објект: од 17.00      Напуштање на објект: 08.00 – 10.00**

21. **<u>ВАЖНА НАПОМЕНА</u>: ПАТНИЦИТЕ ТРГНУВААТ ИСКЛУЧИВО ОД ПРЕДВИДЕНОТО МЕСТОТО НА ПОАЃАЊЕ ВО СКОПЈЕ, А ВРАЌАЊЕТО ОД ПАТУВАЊЕТО Е ПОВТОРНО ДО ИСТОТО МЕСТО ОД КАДЕ ШТО ТРГНАЛЕ ВО СКОПЈЕ. <u>НЕ Е ВОЗМОЖНО ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ГРУПАТА ОД БИЛО КОИ ПОПАТНИ МЕСТА ВО ОДЕЊЕ, КАКО И НАПУШТАЊЕ НА ГРУПАТА НА БИЛО КОИ ПОПАТНИ МЕСТА ПРИ ВРАЌАЊЕ</u>, НИТУ ПАК КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИОТ ПРЕВОЗ САМО ВО ЕДЕН ПРАВЕЦ, СОГЛАСНО МАКЕДОНСКИОТ И ЕВРОПСКИОТ ЗАКОН ЗА ТРАНСПОРТ НА ЗАТВОРЕНА ГРУПА.**

## <u>Генерален опис на  Студиата и Апартманите во Val Thorens</u>

Апартманите и студијата во понудата се наоѓаат во различни резиденции/згради по должината на целата населба. Се разликуваат по површина и опременост, секој апартман е со различен мебел, опременост, квадратура и содржина.  Под терминот Кабина се подразбира влезен хол или мала просторија со или без завеса. Сместувањето на гостите во студиата/апартманите е во рамките на локалната агенција. Агенцијата не може да влијае на локација, катност, поглед за истите, повеќе од наведеното и одбраното во агенција. Студиата и апартманите се непушачки. **<u>SKI IN- SKI OUT</u>**



## <u>Residence “ROC DE PECLET”</u>:

Резиденцијата **“ROC DE POCLET”** е сместена во мирниот горен дел од скијалиштето.  Шопинг центарот и спортскиот центар на само 200 м. Во близина продавници, ресторани. Директен  пристап до ски стазите. Резиденцијата нема лифт. Локација на мапа 73/E4.

* **<u>АПАРТМАН  12  за 4 лица, 2 простории , 45м2, приземје, 2 балкона свртени кон југ.</u>**
**Дневна соба**: Маса, столици. ТВ. Софа за седење која се претвара во голем кревет за 2 лица.
**Кујна** отворена кон дневна соба: рерна,  електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови, микробранова печка.
**Спална соба/Кабина**: 1 голем кревет за 2 лица или 2 единечни кревети на спрат.
**Бања**: када, лавабо.
**Тоалет:** посебна просторија.

*  **<u>АПАРТМАН  3  за 6 лица, 2 простории , 48м2,</u>**
**Дневна соба**: Маса, столици. ТВ. Софа за седење која се претвара во голем кревет за 2 лица.
**Кујна** отворена кон дневна соба: рерна,  електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови, микробранова печка.
**Спална соба: 2** единечни кревети
**Кабина**:   2 единечни кревети на спрат.
**Бања**: када, лавабо.
**Тоалет:** посебна просторија.



## Residence “TEMPLES DU SOLEIL NAZCA”:

Резиденцијата **“TEMPLES DU SOLEIL NAZCA”**
Сместена во срцето на Вал Торенс,област Nazca. Резиденцијата е многу ценета поради својата локација. Блиску до продавници, ресторани и забава, резиденцијата Les Temples du Soleil ве поканува на спортски и подмладувачки одмор. Има комфорни апартмани со балкони. Директен пристап до ски патеките.

**АПАРТМАН (3Е), 3 соби, за 6 лица, 35m2, балкон со јужен поглед**:
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови, Апарат за филтер кафе,
**Дневна соба**: Софи за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ.
**Спална соба 1:** Голем кревет за 2 лица **Спална соба 2:** 2единечни кревети на спрат
**Бања**: када, лавабо, **Тоалет**: посебна просторија



## Residence “TEMPLES DU SOLEIL MACHU”:

Сместена во срцето на Вал Торенс. Резиденцијата е многу ценета поради својата локација. Блиску до продавници, ресторани и забава, резиденцијата Les Temples du Soleil ве поканува на спортски и подмладувачки одмор. Има комфорни апартмани со балкони. Директен пристап до ски патеките

* **АПАРТМАН (408), 2 соби, за 4 лица, 28m2, балкон со јужен поглед, лифт**:
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови,
**Дневна соба**: 2 Софи за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ.
**Спална соба :** 2 единечни кревети **Бања**: када, лавабо, **Тоалет**: посебна просторија

* **АПАРТМАН (208), 2 соби, за 4 лица, 28m2, балкон со јужен поглед, 1-ви спрат од страна на ски падините, 2-ри спрат кон резиденцијата, лифт**:
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови,
**Дневна соба**: 2 Софи за седење / кревети за 2 лица, маса, столици, ТВ.
**Спална соба :** 2 единечни кревети **Бања**: када, лавабо, **Тоалет**: посебна просторија

* **АПАРТМАН (302), 2 соби, за 4 лица, 28м2, балкон, со југоисточен поглед, 3ти спрат, лифт**
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови,
**Дневна соба**: 1 Софа за седење која се претвара во 2 единечни лежаји маса, столици, ТВ. (види слики)
**Спална соба :** 2 единечни кревети **Бања**: када, лавабо, **Тоалет**: посебна просторија

* **АПАРТМАН (505), 2 соби, за 4 лица, 28м2, балкон, со јужен поглед, 4ти спрат, лифт**
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови,
**Дневна соба**: 1 Софа за седење која се претвара во единечни лежај за 1 лице и 1 едноставна софа/лежај за 1 лице, маса, столици, ТВ. (види слики)
**Спална соба :** 2 единечни кревети **Бања**: туш, лавабо, **Тоалет**: посебна просторија

* **АПАРТМАН (703), 2 соби, за 4 лица, 28м2, балкон, со јужен поглед, 7ми спрат, лифт**
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови,
**Дневна соба**: 2 Софи за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ.
**Спална соба :** 2 единечни кревети **Бања**: када, лавабо, **Тоалет**: посебно просторија

## Residence “TEMPLES DU SOLEIL CUZCO”:



Резиденцијата **“TEMPLES DU SOLEIL CUZCO”** е сместена во срцето на Вал Торенс. Резиденцијата е многу ценета поради својата локација. Блиску до продавници, ресторани и забава, резиденцијата Les Temples du Soleil ве поканува на спортски и подмладувачки одмор. Има комфорни апартмани со балкони. Директен пристап до ски патеките

**СТУДИО-Кабина (20F), за 4 лица, 23м2, балкон, север, северозапад.**:
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови.
**Дневна соба**: 2 Софи за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ. Во влезниот дел (Кабина) од студиото има 2 единачни кревети на спрат.
**Бања**: када, лавабо, тоалет.

## Residence “REINA BLANCHE”:



Резиденцијата **“REINA BLANCHE”** е сместена во мирниот дел Arolles, блиску до одморалиштето и Caron шопинг центарот и спортскиот центар на само 200 м. Во близина продавници, ресторани. Резиденција е сместена во подножјето на ски пистите. Лифт. Локација на мапа 72/C3.

**СТУДИО Кабина :61 за 4 лица , 26м2, приземје, балкон, југ.**
**Кујна** отворена кон дневна соба: рерна, електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови, микробранова печка.
**Дневна соба**: Маса, столици. ТВ. Софа за седење која се претвара во 2 единечни кревети.
**Спална (Кабина):** Софа за седење која се претвара во 2 единечни кревети..
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија.

**АПАРТМАН 2простории и Кабина :108 за 4 лица , 29м2, 3-ти спрат, балкон, југо-исток.**
**Кујна** отворена кон дневна соба: рерна, електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови.
**Дневна соба**: Маса, столици. ТВ. Клупи за седење.
**Спална**: 1 голем кревет за 2 лица.
**Кабина**: 2 единечни кревети на спрат.
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија.

**АПАРТМАН 2простории :65 за 4 лица , 27м2, 1-ви спрат, балкон, југо-исток.**
**Кујна** отворена кон дневна соба: рерна, електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови, микровална.
**Дневна соба**: Маса, столици. ТВ. Софа за седење која се претвара во 2 единечни кревети.
**Спална**: 1 голем кревет за 2 лица.
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија.

**АПАРТМАН 2простории и Кабина :77 за 4 лица , 30м2, 1-ви спрат, балкон, југ.**
**Кујна** отворена кон дневна соба: рерна, електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови.
**Дневна соба**: Маса, столици. ТВ. Софа за седење.
**Спална**: 1 голем кревет за 2 лица.
**Кабина**: 2 единечни кревети на спрат.
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија.



## Residence “SERAC”:

Резиденцијата **“SERAC”** е сместена на нависокиот дел од ресортот, во мирниот дел Slalom. Во непосердна близина е шопинг центарот Peclet, ресторани и ски лифтови. Локација на мапа 81/F3.

**<u>СТУДИО (2), за 3 лица, 21м2, балкон, југ</u>**:
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови.
**Дневна соба**: Софи за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ. Во влезниот дел од студиото има 1 единечен или 2 единачни кревети на спрат.
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија.

**<u>СТУДИО (6), за 3 лица, 20м2, веранда, јужен поглед, 6-ти спрат, лифт</u>** :
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер,
**Дневна соба**: Софа за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ. Во влезниот дел од студиото има 1 единечен кревет.
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија.

**<u>СТУДИО (8), за 3 лица, 20м2, балкон,</u>** :
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови.
**Дневна соба**: Софа за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ. Во влезниот дел од студиото има 1 единечен кревет.
**Бања**: када, лавабо. **Тоалет**: посебна просторија.



## Residence "ZENITH":

Резиденцијата **“ZENITH”** е сместена во срцето на ресортот, на плоштадот Caron.. Идеално лоциран до многубројните продавници, ресторани, јавни услуги ( банки, турист биро, ски школа, лизгалиште...) Локација на мапа 94/D2.

**<u>АПАРТМАН (72) со 2 соби за 6 лица,</u> 43м2**, за **6 лица**,
Комплетно обновен апартман тип Мезонет.
**Чајна кујна**:шпорет со електрични рингли, фрижидер.
**Дневна соба**: ТВ, Софа за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса со столици.
**Спална соба 1:** 1 голем кревет за 2 лица.
**Спална соба 2:** кревет(и) за 2 лица.
**Бања:** када или тушкабина и умивалник и тоалет.
**Тоалет**: посебна просторија.



## Residence "HAUTS DE CHAVIERE":

Резиденцијата **"HAUTS DE CHAVIERE"** се наоѓа во горниот дел на Вал Торен, во срцето на тивката област Слалом. Трговскиот центар Péclet, ресторани и билетарница за ски лифт се на само 50 м. Директен излез на падините.

**СТУДИО (26) за 2 лица, 20м2,**
**Кујна** отворена кон дневна соба: класичен шпорет, микробранова печка, фрижидер, машина за миење на садови.
**Дневна соба**: Софа за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса, столици, ТВ.
**Бања**: туш кабина, лавабо, тоалет.

**АПАРТМАН (34) со 2 соби за 6 лица, 40м2**, балкон,
**Чајна кујна**:шпорет со електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови....
**Дневна соба**: ТВ, Софа за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса со столици.
**Спална соба :** 2 единечни кревети за 2 лица.
**Кабина :** 2 единечни кревети на спрат за 2 лица.
**Бања:** када или тушкабина и умивалник.
**Тоалет**: посебна просторија.



## Residence "CIMES DE CARON"

Residence Cimes de Caron се наоѓа на влезот во селото во областа Arolles. Ова сместување е особено популарно меѓу спортските ентузијасти, бидејќи куќата се наоѓа спроти спортскиот трговски центар со ресторани и продавници. Наспроти улицата се наоѓа супермаркет. Реновирани се заедничките простории.

Резиденцијата нуди директен пристап до скијачката патека, бидејќи жичарницата Керн е оддалечена само 50 метри. Можете да скијате пред резиденцијата.

**СТУДИО (1106) за 4 лица, 24м2, 1ви спрат,север.**
**Чајна кујна**:шпорет со електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови....
**Дневна соба**: ТВ, Софа за седење која се претвара во 2 единечни лежаи, маса со столици.
**Отворена спална :** 1 брачен кревет за 2 лица.
**Бања:** када и умивалник, тоалет

**СТУДИО (1106) за 4 лица, 24м2, 1ви спрат,север.**
**Чајна кујна**:шпорет со електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови....
**Дневна соба**: ТВ, маса со столици.
**Отворена спална :** 1 брачен кревет за 2 лица.
Отворена Кабина со 2 единечни кревети на спрат за 2 лица.
**Бања:** туш и умивалник, тоалет



## Residence "ETERLOUSE"

Резиденцијата Етерлоус , со лифт, се наоѓа во централната област Карон Вал Торенс, близу до сите удобности, туристичката канцеларија, училишта за скијање, место за состаноци, банки, продавници, ресторани итн. резиденцијата е непосредно пред скијачките патеки

**СТУДИО, Cabine (27)  за 4 лица,  27м2, југозападен поглед, балкон.**
**Чајна кујна**:шпорет со електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови....
**Дневна соба**: ТВ, Софа која се претвара во 2 единечни лежаи, маса со столици.
**Кабина  :** со 2 единечни кревети на спрат за 2 лица.
**Бања:** туш  и умивалник.  **Тоалет**: посебна просторија.



## Residence "ESKIVAL"

Резиденцијата L'Eskival се наоѓа во срцето на одморалиштето во Caron sqare во областа Карон , Вал Торенс , Алпите, Франција. Идеално се наоѓа околу продавниците, ресторантите и погодностите како што се: туристичка информативна канцеларија, банки, школи за скијање, состаноци за школата за скијање (ESF), места за санки за деца, куглање... Спортската продавница Skiset е на приземје од резиденцијата во Вал Торенс , Алпите, Франција. Дополнително, одморалиштето нуди директен пристап до патеките.

**АПАРТМАН (216)  со 2 соби за 4 лица,  30м2, 2-ри спрат, веранда, јужен поглед**
**Чајна кујна**:шпорет со електрични рингли, фрижидер, машина за миење на садови....
**Дневна соба**: ТВ, Софа која се претвара во 2 единечни лежаи, маса со столици.
**Спална  :** со 2 единечни кревети на спрат за 2 лица.
**Бања:** када  и умивалник.  **Тоалет**: посебна просторија.



## Residence "ARCELLE"

Резиденцијата Arcelle се наоѓа во срцето на одморалиштето Вал Торенс . Оваа резиденција се наоѓа во областа Карон, блиску до ресторани и продавници, спроти спортскиот центар Карон. Вашето сместување е блиску до услугите на одморалиштето: туристичка канцеларија, банки, ски-лифтови, училишта за скијање, собири на курсеви за ЕСФ и зона за тобоган за деца. Директен пристап до скијачките патеки. План на станица бр. 5/Д2.

**СТУДИО, Cabine (606)  за 4 лица, 30m2, балкон, југоисточен поглед, 6-ти спрат.**
**Чајна кујна**:шпорет со електрични рингли, фрижидер....
**Дневна соба**: ТВ, Клик клак Софа која се претвара во голем кревет за 2 лица, маса со столици.
**Кабина  :** со 2 единечни кревети на спрат за 2 лица.
**Бања:** када  и умивалник.  **Тоалет**: посебна просторија.

***НЕХАР ТРАВЕЛ Ви посакува пријатно патување и убав зимски одмор во Франција!***

